HALKBANK

**ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА**
**“Светот ти светка!”**

Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Службен весник на Република Северна Македонија,, број 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/2016 и 178/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 251/2022,, се утврдуваат следните правила на Наградната игра:

**Член 1**
**ОРГАНИЗАТОР**

Организатор на Наградната игра “Светот ти светка!” е Халкбанк АД Скопје, со адреса на Св. Кирил и Методиј бр.54, 1000 Скопје.

**Член 2**
**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Официјалното име на Наградната игра е “Светот ти светка!”. Наградната игра ќе започне на 25.12.2023 и ќе трае до 25.02.2024 година.

**Член 3**
**ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра се организира и се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија на сите продажни места каде постојат услови за плаќање со Mastercard платежна картичка за физички лица (Mastercard Debit Contactless; Mastercard Standard, Mastercard Credit Contactless; Mastercard World Contactless ) издадена од Халкбанк АД Скопје, на ПОС или Ecommerce мрежа или со трансакции направени преку HalkPay мобилната апликација и GarminPay како услуга за бесконтактно плаќање кои се достапни за секој клиент со активни платежни картички од брендот Mastercard, издадени од Халкбанк АД Скопје.

**Член 4**
**ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра има за цел рекламирање на производите и услугите за физички лица и тоа:

- мобилната апликација HalkPay,
- Garmin Pay услугата за бесконтактно плаќање и
- Mastercard дебитни и кредитни платежни картички за физички лица (Mastercard Debit Contactless; Mastercard Standard, Mastercard Credit Contactless; Mastercard World Contactless) издадени од Халкбанк АД Скопје.

**Член 5**
**ПРАВО И УСЛОВИ НА УЧЕСТВО**

Во Наградната игра право на учество имаат сите полнолетни физички лица кои се клиенти на Халкбанк АД Скопје и се корисници на Mastercard дебитни и/или кредитни платежни картички (Mastercard Debit Contactless; Mastercard Standard, Mastercard Credit Contactless; Mastercard World Contactless ), и кои имаат направена валидна трансакција користејќи ги картичките на мрежата на ПОС и/или виртуелни ПОС терминали, трансакции со мобилната апликација и трансакции направени со Garmin Pay достапен за Garmin часовник, а кои на денот на завршувањето на наградната игра немаат повеќе од 90 дена достасани неподмирени обврски кон Халкбанк АД Скопје. Доколку биде извлечен добитник со повеќе од 90 дена неподмирени достасани обврски кон Халкбанк АД Скопје истиот ќе биде дисквалификуван и ќе биде заменет со резервен добитник кој во целост ги исполнува правилата на Наградната игра.

Услови за учество во наградната игра:

- Една шанса за учество добиваат клиентите кои што направиле 10 валидни трансакции со Mastercard дебитна картичка издадена од Халкбанк АД Скопје на мрежата на ПОС и/или виртуелни ПОС терминали

- Двојна шанса за учество добиваат клиентите кои што направиле 10 валидни трансакции со Mastercard кредитна картичка издадена од Халкбанк АД Скопје на мрежата на ПОС и/или виртуелни ПОС терминали

- Тројна шанса за учество добиваат клиентите кои што направиле 10 валидни трансакции преку HalkPay мобилната апликација и GarminPay опцијата за бесконтактно плаќање со дигитализирана Mastercard кредитна или дебитна картичка

Како потврда за учество во Наградната игра за трансакциите направени на продажните места ќе се смета преглед на трансакциите направени со Mastercard дебитна и кредитна платежна картичка за физички лица или на трансакции направени преку HalkPay мобилната апликација и GarminPay опцијата за бесконтактно плаќање. Како потврда за успешна и валидна направена трансакција се смета слипот од ПОС терминалот, смс порака добиена за успешна трансакција или извод за направени трансакции.

Во извлекувањето на 05.03.2024 ќе бидат земени сите трансакции направени од почетокот на наградната игра во период од 25.12.2023 од 00:00 часот до 23:59 часот до крајот на наградната игра на 25.02.2024 година.

Клиентите што добиваат шанса на учество на наградната игра мора да бидат квалификувани за учество во наградната игра во согласност со правилата и условите.

Клиентите на банката кои ги исполнуваат горенаведените услови за учество во наградната игра во времетраење на Наградната игра предвидено во Член 2 од овие правила, треба да пополнат изјава

за согласност за учество во Наградната игра на официјалната WEB страна на Халкбанк АД Скопје www.halkbank.mk, а таа изјава ќе се смета како потврда за учество во наградната игра и согласност за обработка на личните податоци за целите на наградната игра.

Со учество во Наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на истите.

Право на учество во наградната игра немаат вработените во Халкбанк АД Скопје и членовите на потесниот круг на нивните семејства и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен/вонбрачен другар. Доколку извлечениот добитник е дел од оваа група на лица нема да има право на наградата и ќе биде заменет со првиот нареден од резервните добитници кој ќе ги исполнува во целост правилата на Наградната игра.

**Член 6**
**НАГРАДЕН ФОНД**

| **Р.број** | **Вид на награда** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ во МКД** |
|---|---|---|---|
| 1 | Ваучер за патување | 15 | 62.000,00 МКД |
| **Вкупно** | | 15 | 930.000,00 МКД |

Вкупниот награден фонд за оваа Наградна игра изнесува 930.000,00 денари.

Замена за наградата со други награди, пример ваучерот да биде заменет со парична награда не е дозволено. Организаторот не се обврзува да понуди друг тип на награда во истата противвредност од планираната награда.

Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во правилата од страна на Организаторот.

**Член 7**
**МЕСТО, ВРЕМЕ, НАЧИН, ПОСТАПКА и КОНТРОЛА НА ИЗВЛЕКУВАЊЕТО**

Извлекувањето на наградата ќе се врши со случаен избор по електронски пат со посебен софтвер за таа намена во просториите на Халкбанк АД Скопје со адреса ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје.

Извлекувањето на наградата ќе се изврши на 05.03.2024 година со почеток во 12 часот.

Извлекувањата ќе бидат јавни, во присуство на трочлена комисија, составена од тројца официјални претставници и тоа:

- Двајца претставници од Халкбанк АД Скопје и

HALKBANK

- Нотар од Република Северна Македонија

кој ќе води записник за извлекувањето односно утврдувањето на добитниците.

Потенцијалните добитници ќе бидат селектирани со помош на програмско/компјутерско решение согласно претходно поставените услови за учество. Извлекувањата ќе биде по случаен избор и повторно со помош на компјутерско решение. При извлекувањата, ќе бидат извлекувани по 1 (еден) добитник и по 1 (еден) резервен добитник. Прво ќе бидат извлечени добитниците, а потоа резервните добитници.

Со цел да ја потврди регуларноста во учеството на наградната игра за сите добитници, Халкбанк АД Скопје ќе издаде официјален детален извештај со кој ќе потврди дека добитниците ги исполниле условите за учество во наградната игра.

**Член 8**
**ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество, имаат пополнето изјава преку официјалната WEB страна на Халкбанка А.Д Скопје www.halkbank.mk за согласност за учество во наградната игра, се имаат изјаснето како согласни за обработка на личните податоци за целите на наградната игра и ако целосно ги почитуваат Правилата на Наградната игра.

**Член 9**
**ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ И НАЧИН НА ПОДИГНУВАЊЕ**

Резултатите од извлекувањето ќе бидат објавувани на официјалната интернет страница на Халкбанк А.Д. Скопје www.halkbank.mk најдоцна во рок од три дена од денот на завршување на извлекувањето. При објавувањето, врз основа на претходна добиена согласност на добитниците, ќе се објави нивното име и презиме, а ако добитникот не даде согласност, објавувањето ќе се изврши на начин што ќе се објави типот на една од користените картички и маскиран број на картичката (ќе бидат објавени последните четири бројки, а останатите бројки ќе бидат скриени – XXX).

Добитниците дополнително по телефонски пат ќе бидат известени дека се добитници на наградата и ќе треба да ја потпишат потврдата за добивка подготвена и заверена од организаторот на наградната игра пред да ја подигнат наградата. По потврдување на личните податоци (име, презиме, адреса и идентификација со лична карта), добитникот на наградата може да ја подигне од просториите на Халкбанк АД Скопје со адреса ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје најдоцна 30 дена од денот на објавувањето на добитниците.

**Член 10**
**ДАНОЧНИ ОБВРСКИ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ**

Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани со наградите вклучувајќи го и персоналниот данок на доход.

ХАЛКБАНК АД, Скопје
ул.Св. Кирил и Методиј бр.54, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија, п. фах 421, ЕМБС 4627148
Тел: +389 (0)2 3240 800
www.halkbank.mk; info@halkbank.mk

Секој од добитниците ќе добие потврда за добивка со подмирен персонален данок, подготвена и заверена од организаторот на наградната игра за целите за поднесување на годишна даночна пријава од страна на добитниците.

**Член 11**
**КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

За цели на реализација на наградната игра ќе бидат обработувани само личните податоци (целосно име и презиме, псевдо број на платежната картичка) на клиентите кои се согласиле за обработка на нивните лични податоци преку пополнета изјава на официјалната WEB страница на Халкбанка А.Д Скопје www.halkbank.mk.
Пристап до личните податоци имаат само овластени лица од страна на Халкбанк АД Скопје. Халкбанк АД Скопје гарантира и ги презема сите технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или неовластен пристап до личните податоци. Халкбанк АД Скопје ќе има право личните податоци на добитниците да ги користи во своите идни маркетинг активности за промоција на производите и услугите на Банката доколку добитниците дале претходно писмена и изречна согласност за користење на нивните лични податоци за наведената цел.

Организаторот, ќе ги избрише објавените лични податоци на добитниците од веб страницата во рок од 60 дена по завршувањето на наградната игра. Организаторот се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра, согласно закон.
Учесниците во наградната игра се известени за сите информации согласно Законот за заштита на личните податоци во моментот на собирањето на личните податоци и се запознаени со Политиката за приватност и начинот на обработка на личните податоци во согласност со Законот за заштита на лични податоци на Халкбанк АД Скопје, објавени на веб страницата на Организаторот.

Сите учесници во наградната игра за било какви прашања и барања во врска со обработката на личните податоци може да се обратат до Офицерот за заштита на лични податоци преку емаил на privacy.officer@halkbank.mk

**Член 12**
**ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра може да се прекине само во случај ако настапат околности за кои Организаторот на наградната игра не е одговорен, односно ако постојат околности кои Организаторот не можел да ги спречи, отстрани или избегне, а по добивање согласност од страна на Министерство за финансии.

**Член 13**
**ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ**

Евентуално настанатите спорови помеѓу Организаторот и учесниците во Наградната игра ќе ги решава надлежниот суд во Скопје во согласност со важечките закони во Република Северна Македонија.

**Член 14**
**ПРАВО НА ПРИГОВОР**

Незадоволен учесник во Наградната игра има право во рок од 3 дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите да поднесе приговор во писмена форма до Организаторот. Организаторот е должен писмено да одговори на приговорот во рок од 8 дена од приемот на истиот.

**Член 15**
**ВАЖНОСТ НА ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Правилата ќе започнат да се применуваат откако Министерство за Финансии ќе издаде дозвола за приредување на наградна игра и ќе важат се до завршување на наградната игра. Со учество во Наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

**Член 16**
**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Правилата на Наградната игра ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на Халкбанк АД Скопје www.halkbank.mk , пред почетокот на наградната игра, а по добивање согласност од страна на Министерство за финансии на Република Северна Македонија. Дополнително, учесниците во наградната игра ќе бидат известени за начинот и условите за учество и преку рекламни пораки на веб страната на Халкбанк АД Скопје www.halkbank.mk , социјалните мрежи, постери и флаери, промотивни материјали поставени во експозитурите/филијалите на Халкбанк АД Скопје и преку други комуникациски канали кои се дел од маркетинг миксот наменет за кампањата.

**Член 17**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградите.

ХАЛКБАНК АД Скопје